Slow Food
Bitola

ПРОГРАМСКИ И ФИНАНСИСКИ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ СЛОУ ФУД БИТОЛА 2025



СОДРЖИНА

ЗА СЛОУ ФУД БИТОЛА....3
ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ЗДРУЖЕНИЕТО....5
ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА СФ БИТОЛА....6
Годишно собрание на СФ Битола....6
Седници на управен одбор....7
УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА....8
Прв Национален совет на Слоу Фуд Македонија....8
Втор Национален совет на Слоу Фуд Македонија....10
Учество на лидерот на СФ Битола на панел дискусија и прва обука за регистрација во АХВ....11
Учество на производители од СФВТ на обука за регистрација во АХВ....12
НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ....13
Слоу Фуд Салон 2025....13
Млеко 2025....17
ЛОКАЛНИ НАСТАНИ....18
Прослава на Св. Трифун кај Винарија Пандо....18
Отворен ден на Пивара Бакревски....20
Бирарија....22
Пазар на фармери....25
Прослава на Тера Мадре ден....27
Училишни градини во Битола....30
УЧЕСТВО НА НАСТАНИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ДРУГИТЕ СЛОУ ФУД КОНВИВИУМИ....31
ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ....32
Учество во промотивна кампања на Слоу Фуд Македонија....32
Снимање на тв прилози на ТРТ Балкан....33
КОМУНИКАЦИИ....34
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ....35

ЗА СЛОУ ФУД БИТОЛА

Конвивиумот Слоу Фуд Битола како здружение е основан во 2011 година, а од 2018 година е членка и еден од основачите на Слоу Фуд Македонија.

Визијата на Здружението Слоу Фуд Битола е нова гастрономска култура базирана на традиционалната македонска кујна, разновидните земјоделски производи од локалните фармери и знаењето на новите генерации, трпеза која ги комбинира задоволството од вкусување на храната и одговорноста која стои пред идните генерации бидејќи преку чинијата која е секојдневно пред нас ние го гарантираме опстанокот на многу сорти, раси, производи и методи на преработка, како и опстанокот на малите фармери во руралните средини.

Мисијата на Здружението Слоу Фуд Битола е преку различни активности трајно да го промени функционирањето на прехранбениот систем. Ќе се присетиме и навратиме на заборавените вкусови и ќе ги едуцираме новите генерации да ги почитуваат нашите традиции, растенијата, животните, плодните почви и води, од кои произлегува нашата храна. Ние ќе ја инспирираме трансформацијата на политиката за храната, производните пракси и пазарните сили, така што тие да обезбедат задоволство, еднаквост, одржливост на храната што ја јадеме.

Стратешки цели на Здружението се заштита и промовирање на материјалното и нематеријалното културно наследство поврзано со производство на храна, развој на високо квалитетно одржливо земјоделство и производство на храна во согласност со традиционалните методи од страна на ситните производители и едукација на ко-производителите (консументите) за производството, значењето и карактеристиките на храната.

Остварувањето на својата визија и мисија и достигнувањето на стратешките цели здружението ги реализира преку следните активности:

- Промовирање на гастрономски и културни иницијативи
- Промовирање и поддршка на иницијативи со цел да се зачува и да се зајакне идентитетот, културната историја на областа во која се врзува специфично производство, особено зачувување на биолошката разновидност;
- Организирање на тренинзи за јакнење на капацитетите на членовите за активности на слоу фуд;
- Организирање на настани, изложби, конференции, состаноци, трибини, семинари, за постигнување на целите, со вклучување во активностите на членовите, производителите, готвачи, експерти и други лица;
- Организирање собирање средства за реализација на програмски активности;
- Промовирање на иницијативи насочени кон скратување на синџирот на храна од производители до потрошувачи;
- Склучување на договори со јавни и странски институции за реализација на проекти за остварување на визијата и мисијата на Слоу Фуд;



ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Раководни органи на здружението се претседателот и управниот одбор.

Претседател на Слоу Фуд Битола со четири годишен мандат, реизбран на собрание на здружението одржано на 02.20.2024 год е Игор Поповски.
Управниот одбор на здружението го сочинуваат 7 члена со мандат од 4 години и право на реизбор. Претседател на управниот одбор е претседателот на здружението. Во Управен одбор на здружението се следните членови:

1. Игор Поповски – претседател
2. Анита Главевска - член
3. Виолета Димовска - член
4. Елена Котевска – член
5. Јасна Ѓоргиевска - член
6. Кире Сотировски - член
7. Марјан Бакревски – член

Здружението во 2025 година брои 42 члена. Според статутот на здружението, сите членови според статут имаат право:

- Рамноправно да учествуваат во остварувањето на целите на здружението,
  Да ја помагаат и унапредуваат работата и да придонесуваат за развојот и угледот на здружението,
- Да покренуваат иницијативи, предлози и расправи по одредени прашања и да учествуваат при одлучување за истите,
- Да учествуваат во одлучувањето на Собранието на здружението
- Секој член има право на глас, да избира и да биде избиран во телата на здружението
- Да бидат информирани за работата и активностите на здружението
- Да бидат ангажирани во проектите на здружението
- Да изнесуваат мислења и ставови за работата на органите и телата на здружението
- Да го претставуваат здружението и да присуствуваат на локални, национални и интернационални настани

ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА СФ БИТОЛА

Годишно собрание на СФ Битола

Во однос на организациските активности на здружението во 2025 година, беше организирано Годишно собрание на здружението и се поднесоа апликации за финансиска поддршка за организација на настани до Општина Битола и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На годишното собрание на Слоу Фуд Битола кое се одржа на 26.05.2025 во Фуд Репаблик Битола се усвои Годишниот програмски и финансиски извештај за 2024 година и се усвои годишната програма за работа на здружението во 2025 година.

Апликацијата која се достави до МЗШВ се однесуваше на настанот Бирарија и истата беше одобрена.









Седници на управен одбор

На седница одржана на 13.06.2025 се разгледа иницијативата за користење на апликацијата „Интегриран календар на културни настани“ во организација на Про Локал, КИЦ Битола и Општина Битола и за одговорно лице беше избран претседателот Игор Поповски.

На седницата одржана на 21.10.2025 се разгледаа трошоците за Бираријa, се откажа одржувањето на Слоу Вајн, се разгледа организацијата и учеството на Слоу Фуд Салон 2025, се одлучи да се организира Пазар на фармери на 01 ноември 2025, и се одлучи да се организира Тера Мадре на 10 декември и истиот да се пријави во Слоу Фуд Интерационал. Во однос на опрема која ја поседува Слоу Фуд Битола а која се користи за настани но е оштетена до мерка што не може да се користи – се одлучи истата да се избрише од евиденција.



УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

Прв Национален совет на Слоу Фуд Македонија

13 април 2025, Демир Капија

Лидерот на Слоу Фуд Битола зеде учество на Националниот совет на Слоу Фуд Македонија (СФМК) кој се одржа на 13.04.2025 во Попова кула во Демир Капија. Средбата имаше за цел внатрешно координирање и донесување одлуки во насока на понатамошно зајакнување на Слоу Фуд Македонија и унапредување на нејзините активности.
За преседавач на Националниот совет беше избрана Тодорка Наумоска - Димески, лидер на СФ Прилеп, која ќе го координира ова значајно тело во СФМК.
На состанокот беше разгледан годишниот извештај на СФМК за 2024, моменталниот статус на членството, тековните и идни активности во рамки на проектот „Зајакнати капацитети на СФМК за агроеколошка трансформација“ во чии активности се вклучени конвивиумите, меѓу кои и родовата ревизија на СФМК, потоа документот со ставови, комуникациските алатки во организацијата, мобилната апликација како и воспоставувањето на новата тематска мрежа - Слоу Фуд фарми.

Беа разгледувани и предложени измени во нацрт годишниот акционен план за 2025 година, како и во нацрт правилникот за организација на настани. Се работеше на финализирање на календарот на активности и настани што ќе ги реализираат конвивиумите од мрежата на Слоу Фуд Македонија.












Slow Food

Втор Национален совет на Слоу Фуд Македонија

28 и 29 декември 2025, Битола

Лидерот на Слоу Фуд Битола зеде учество на Националниот совет на Слоу Фуд Македонија (СФМК) кој се одржа на 28 и 29.12.2025 во канцеларијата на СФМК во Битола.

На средбата се направи рекапитулација на 2025 година, се дискутираше за правилникот за настани, регулирањето на членството и правилникот за членство, како и правилникот за поддржувачи на СФМК кој ги опфаќа правните лица поддржувачи на слоу фуд движењето, и слични прашања за регулирање на структурата на СФМК.

Воедно се разговараше за вклучување на конвивиумите во тематските мрежи Слоу Фуд Училишни градини и Слоу Фуд Фарми кои ќе бидат поинтензивно опфатени со проектот кој СФМК го спроведува со финансиска помош од We Effect - Од почва до општество: Агроекологија за заедницата во периодот од 2025 до 2028.





Учество на лидерот на СФ Битола на панел дискусија и прва обука за регистрација во АХВ

13 септември 2025, Прилеп

Слоу Фуд Македонија ја организира Првата обука за регистрација на малите производители на храна во Агенција за Храна и Ветерина (АХВ), која се одржа во рамки на настанот „Млеко 2025“ во Прилеп. Обуката вклучуваше и панел дискусија и беше замислена низ разговор да се дознаат пречките за регистрација, но и да се дискутира за проблемите со кои се соочуваат сточарите денес.

Панелисти на настанот беа Мартин Јошески – претставник од подрачната единица на АХВ, Соња Србиновска од Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, Елена Каровска Гошевска од извршната канцеларија на СФМК, Игор Поповски лидер на СФ Битола – сточар и производител на сирење и кашкавал, а сесиите ги модерираше Јордан Николов.

Освен што се објасни процесот и потребните услови за регистрација, се одговараше на дополнителни прашања за регистрација на производителите во АХВ, а се истакна и најгорливиот проблем на сточарите денес – немањето на човечки ресурси за работа со стока.



Учество на производители од СФВТ на обука за регистрација во АХВ

28 Септември 2025 Преспа

Втората обука за регистрација на мали производители на храна во АХВ организирана од СФМК се одржа на 28.09.2025 год. во Slow Food гостилницата Лејк Вју во Преспа.
На обуката учествуваат производители од СФ Битола, а обуката ја водеше професорката Соња Србиновска од Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. Учесниците добија визуелни прикази на производствени текови, практични совети за организација на просторот, примери за избор на материјали и опрема преку интеракција за вистинските предизвици на терен. Обуката беше финансирана од Шведска и We Effect, преку проектот „Зајакнати капацитети на SFMK за агроеколошка трансформација“.









НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

Слоу Фуд Салон 2025

13 Декември 2025, Скопје

Членови од Слоу Фуд Битола (СФБТ) учествуваа на националниот настан Slow Food салон 2025: Заедно со природата, кој се одржа во Скопје во Хотел Континентал, а е четврто издание во организација на СФМК. Салонот опфати повеќе секции: Салон за храна, Салон за пијалоци, Едукативно катче: Децата – сојузници на природата, Slow food арена, Мастер клас за вино, Арка на вкусови, Слоу Фуд Фарми.

Од СФБТ учество зедоа неколку производители: Пчеларник БН, Фарма Дихово, Паста Делиција, во арката на вкусови можеше да се дегустира оргинална Буковска пипер од производителите од битолското село Буково. Во едукативното катче со организирани активности за децата се вклучи Јасна Ѓоргиевска од СФБТ, а во Слоу Фуд аренатa на панел дискусија се вклучи наставничката Кристина Полизовска од СФБТ. СФБТ како и секоја година, го помогна салонот со волонтерско вклучување на свои членови во организациската и логистичката поддршка на салонот.






SLOW
FOOD
ЕДУКАЦИЈА ЗА ДЕЦА




семе, садница и расад.




Pasta Delicia
Традиционална
македонска
домашна
тестенина
Pasta Delicia
Традиционална
македонска домашна
тестенина




TERRA
MADRE
DAY




SLOW
FOOD
САЛОН
СКОПЈЕ 13.12.
2025
Заедно со природата!

Млеко 2025

13 септември 2025, Прилеп

Производители од СФ Битола зедоа учество на националниот настан Млеко кој секоја година се одржува во Прилеп. Настанот беше организиран од Слоу Фуд Прилеп и СФМК со поддршка од МЗШВ и општина Прилеп, а е отворен за сите производители на млеко и млечни производи во нашата земја. Секако поради збогатување на настанот се покануваат и производители на други производи, а се одржува и детско катче, како и организирана забавна музичка програма.
На овогодинешното издание се одржа и панел дискусија за позицијата на сточарите каде панелист беше и лидерот на СФБТ Игор Поповски, а беше одржана и еден вид на панел обука за регистрација на малите производители во АХВ која беше поддржана од донаторот We Effect. Оваа година настанот го посети и министерот за земјоделство Цветан Трифуновски.













ЛОКАЛНИ НАСТАНИ

Прослава на Св. Трифун кај Винарија Пандо

14.02.2025, с.Лисолај

По повод празникот Св.Трифун кој традиционално се одбележува на 14 февруари секоја година со закројување на лозјата, Винарија Пандо на сопственото лозје во село Лисолај го организира првиот настан за дружење во оваа година за членовите на Слоу Фуд Битола.

Настанот започна во 10:00 часот со благословување на лозовите насади и нивно симболично закројување, а продолжи со дегустација на пијалоците на винарија Пандо со мезиња внимателно подготвени од страна на домаќинот и убаватата атмосфера која ја носи празникот.












ВИНАРИЈА
ПАНДО
ВИНАРИЈА
ПАНДО
ВИНАРИЈА
ПАНДО

Отворен ден на Пивара Бакревски

13.06.2025, Битола

Слоу Фуд Битола организира отворен ден со локалната битолска пивара Бакревски, со цел пиварата и нејзините производи да се промовираат локално.

Настанот отворен ден се одржа на 13.06.2025 година со почеток во 17:00 часот, во дворот на пиварницата на улица „Бурса“. Настанот започна со прошетка низ пиварата и нејзино претставување од браќата Бакревски чијашто приказна започна: „Со брат ми зедовме едно буре и го сековме на пола ...“ Настанот продолжи со дегустации на пиво, мезе и добра дружба во дворот на пиварата.

Цел настан беше исполнет со убава енергија, пријатни луѓе, ладно пиво и споделување на идеи за организација на следни настани на Слоу Фуд.










БАК

Бирарија

16.08.2025, Битола

На 16 август, од 19:00 часот, Градскиот парк во Битола беше дом на третото издание на Фестивал на занаетчиско пиво – прослава на бира со карактер, направена со занает, мерак и малку битолски инает.



Фестивалот на занаетчиско пиво - Бирарија го промовира и го поддржува локалното занаетчиско производство на пиво - од домашните производители до микро пиварниците. На овој настан посетителите имаа можност се запознаат директно со производителите на пиво и да пробаат свежо, не пастеризирано пиво.

„Бирарија“ е концепт кој ја применува филозофијата на Слоу Фуд во презентацијата и консумацијата на пиво. Концептот го нагласува уникатниот карактер на секое пиво, квалитетните состојки и над сè почитта кон знаењето и искуството на локалните пивовари, во суштина се спротивно на стандардизацијата на вкусовите на пиво. Истовремено ваквите настани се место за промоција и пренесување на трендот на глобалната револуција на занаетчиското пиво во Македонија и градење на пивската култура.

На настанот учество зедоа пиварите Пиволабс, Белеза Бруинг, Пивара Бакревски, Сакам пиво, како и домашната пивара од Албанија – Ѓушит кои беа гости-учесници на ланскиот настан, а оваа година се одомаќинија. На штандовите покрај пиварите се сместија и продавачи на храна која совршено се вклопува со пиво и тоа Food Republic и Конец. Оваа година забавниот дел беше збогатен со различни организирани натпревари за пивопијците со симболични награди за победниците.

Во музичкиот дел настапија Агим Џело со ДЏ сет и групата Културно Уметнички Работници, кои придонесоа за уште поубава атмосфера. Настанот го посетија околу 400

посетители кои можеа да се сместат на високи и ниски маси и дегустацијата да ја претворат во убаво дружење.

Настанот Бираријa се одржа во организација на Слоу Фуд Битола, а со поддршка од општина Битола и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.








ALBANIAN
MICROBREWERY
















ЗАБАВА СО
ДИЦЕЈ СЕТ - АГИМ ЦЕЛО
И МУЗИЧКА ГРУПА К.У.Р.
Културно
Уметнички
Работници





Пазар на фармери

01.11.2025, Битола

Слоу Фуд Битола организира настан насловен како „Пазар на фармери“ за промоција на своите членови производители. Настанот се одржа на 1 ноември 2025 од 10:00 до 17:00ч на плоштадот Магнолија кај градскиот часовник.

Малите производители го претставија најдоброто од своите традиционално подготвени производи. На настанот имаше сирења и кашкавали, зимница, јаболка, вина и дестилати, буковска пипер, ѓомелзе и други традиционални гастрономски богатства. Се испочитува и битолскиот обичај за кафе муабет - се вареше турско кафе со локум ако сакате да направите пауза и да прашате за Слоу Фуд.

Ова беше одлична можност да се набават производи директно од производителите, луѓето да се запознаат со производителот, па дури и дегустираат и да прашаат нешто повеќе за омилениот производ. Со свои производи се претставија БН Пчеларник, Пчеларник Талевски, Фарма Дихово и Мандра Пелистерски Овчи Производи, Винарија Пандо, БАК пиво, Паста Делиција и Президиум Буково, Преспино, Дестилерија Лезет, Дестилерија Звончар, а гости на настанот беа ЗУР Македонски ракотворби и Цвеќара Грин Гарден.










Slow Food
ПАЗАР НА ФАРМЕРИ
Од фарма до трпеза
КУПУВАЈТЕ ЛОКАЛНО













Прослава на Тера Мадре ден

10.12.2025, Битола

Денот на Тера Мадре, Слоу фуд интернационален ден во чест на Мајката Земја, се слави секоја година на 10 декември и претставува глобална иницијатива на Слоу Фуд за промоција на локалната традиционална кујна, одржливото земјоделство и разновидноста на храната. Тоа е ден посветен на прославување на богатството на локални прехранбени култури и луѓето кои ги овозможуваат.

Традиционално и оваа година конвивиумот Слоу Фуд Битола го одбележа 10 декември со заедничка вечера на членовите. Оваа година прославата се одржа во Фуд Репаблик, а освен вкусните традиционални но иновативни специјалитети на локалот, членовите донесоа храна и пијалоци од сопственото производство, како и домашно подготвена храна. Вечерата се претвори во вистинско уживање во вкусови со прекрасна дружба и забава.





Slow Food
Bitola

www.slowfood.mk










Оваа година Слоу Фуд Интернационална по повод Тера Мадре денот овозможи секој конвивиум да го пријави својот настан на нивниот веб сајт, така Слоу Фуд Битола, пријавувајќи го овој настан добива светска видливост.
Настанот може да се види на следниот линк:

https://terramadreday.slowfood.com/event/slow-food-bitola-dinner!4kk





Училишни градини во Битола

Согласно Манифестот за едукација на Слоу Фуд – „Едукацијата треба да е достапна на различни локации и за секоја возраст, за да не им го пренесуваме на идните генерации она што можеме да го поправиме денес. Единствено преку едуцирано, критички ориентирано и мотивирано население една земја може да го извлече најдоброто од себе”. За да не им го оставиме на идните генерации она што можеме да го поправиме беше решено да се создаде Училишна градина во секое училиште кое сака визијата и мисијата на Слоу Фуд да стане дел од нивната секојдневна работа.

20.11.2025 ООУ Св. Кирил и Методиј од Битола
Членовите на ученичката заедница учествуваа на работилница по повод Светскиот ден на правата на детето. Како училиште кое учествува во проектот Училишни градини, во соработка со Слоу Фуд Македонија, посебен нагласок се стави на Правото на децата на здрава и чиста храна. Учениците следеа презентација за правото на децата на здрава храна, водеа дискусија, а потоа изработија проекти со свои пораки и пароли, кои ги пренесоа во своите паралелки. Координатор на проектот беше наставничката Кристина Полизовска.









УЧЕСТВО НА НАСТАНИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ДРУГИТЕ СЛОУ ФУД КОНВИВИУМИ

Малите производители, членови на Слоу Фуд Битола, беа поканети да учествуваат на настани во организација на други конвивиуми во Македонија. Учество се зеде на повеќе локално организирани настани – „Млеко 2025“ на 13 септември во Прилеп, кај градскиот саат, „Вкусот на Водно“ во Скопје, „Вкуси го Охрид“ во Охрид на 26 Јули на плоштад кај Долна Порта.







ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Учество во промотивна кампања на Слоу Фуд Македонија

Производители од конвивиумот Слоу Фуд Битола зедоа учество во кампањата „Зошто сум Слоу Фуд“ која ја води Слоу Фуд Македонија преку социјалните мрежи, а која започна во 2024 година. Секој член на Слоу Фуд конвивиумите има уникатна можност да каже зошто е дел од Слоу Фуд движењето во Македонија. Кампањата продолжи и во 2025 година, а овој пат беше промовирана нашата членка Александра Лозановска од „Моја бавча“.







Снимање на тв прилози на ТРТ Балкан

Медиумот ТРТ Балкан направи кратки прилози во кои учествуваа членови на Слоу Фуд Македонија. Јасна Ѓеорѓиевска од СФБТ и Славица Зафировска од тематската мрежа Слоу Фуд Училични градини зборуваа за тоа како во македонските основни училишта учениците од најмала возраст учат како се произведува органска храна. Проектот за едукациија на храна оваа година е заокружен со нов изборен предмет "Едукација за одржлива иднина". Пчеларот Нацо Јовчевски од с. Дихово член на СФБТ објаснуваше за завтохтониот вид на Македонска пчела.



КОМУНИКАЦИИ

Членовите на конвивиумот редовно се известуваат за активностите на конвивиумот преку апликации за комуникација.

Слоу Фуд Битола има профили на социјалните мрежи каде што може да се следат активностите на конвивиумот.
Slow Food Bitola https://www.facebook.com/slowfood.bitola

Повеќе информации за Слоу Фуд Македонија може да се најдат на интернет страната на организацијата и нејзините социјални медиуми.
Интернет страна: www.slowfood.mk
Facebook профил:
Slow Food Macedonia https://www.facebook.com/slowfood.mk/?locale=mk_MK

Повеќе информации за функционирањето на Slow Food International може да се најдат на следните линкови:
Интернет страна: www.slowfood.com
Facebook профил:
Slow Food International https://www.facebook.com/slowfoodinternational/

Мобилната апликација **Slow Food Macedonia** е достапна за Android преку Google Playstore и за I-Phone преку App Store.





ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

ЕМБС: 06711820
Целосно име: Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	145.570,00			140.800,00
202	- - Потрошени материјали	2.600,00			37.800,00
204	- - Други услуги	18.900,00			
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	13.000,00			43.000,00
209	- - Наемнини	72.450,00			60.000,00
210	- - Други материјални расходи	38.620,00			
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	2.758,00			57.240,00
212	- - Провизија за платен промет	2.758,00			1.340,00
219	- - Други расходи				55.900,00
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)				0,00
226	- - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229)				0,00
230	- - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232)				0,00
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	1.433,00			1.100,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	149.761,00			199.140,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	11.679,00			12.539,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	11.679,00			12.539,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	161.440,00			211.679,00
240	- - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242)	18.400,00			0,00
242	- - Приходи од услуги	18.400,00			
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	135.000,00			200.000,00
245	- - Приходи од кирии и закупнини	5.000,00			
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	3.040,00			11.679,00

250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	161.440,00			211.679,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	161.440,00			211.679,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)		84.660,00	84.660,00	0,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)		84.660,00	84.660,00	0,00
6	- - Опрема		84.660,00	84.660,00	0,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	11.679,00	211.679,00	199.140,00	12.539,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	11.679,00	211.679,00	199.140,00	12.539,00
12	- - Жиро сметка	11.679,00	211.679,00	199.140,00	12.539,00
28	- - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034)		15.991,00	15.991,00	0,00
31	- - Ситен инвентар		15.991,00	15.991,00	0,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	11.679,00	312.330,00	299.791,00	12.539,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	11.679,00			12.539,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	11.679,00			12.539,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	11.679,00			12.539,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
676	- - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР)				9.900,00
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)	135.000,00			200.000,00
695	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот				0,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	11.679,00			12.539,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ	11.679,00			12.539,00

	(351-352)		
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	11.679,00	12.539,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
4631	- 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.				211.679,00

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Сите права се задржани © 2013 Централен Регистар на Република Северна Македонија